Врз основа на член 103 став 1 алинеја 5 од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14 и 130/14), Претседателот на Управен одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор на ден 13.03.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Годишниот извештај за работа за 2014 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор**

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работа за 2014 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор.

**Член 2**

Годишниот извештај за работа за 2014 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор се доставува до Собранието на Република Македонија на одобрување.

**Член 3**

Годишниот извештај за работа за 2014 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор содржи:

- Извештај за извршени активности на Агенцијата во 2014 година,
- Извештај за состојбата на пазарот на железничките услуги во Република Македонија во 2014 година,
- Извештај за извршување на финансискиот план на Агенцијата за 2014 година и финансиски извештај за 2014 година (годишна сметка) и
- Ревизиски извештај изработен од надворешен и независен ревизор.

**Член 4**

Оваа Одлука е конечна и влегува на сила на денот на донесувањето.

Бр. 01-113/1
13.03.2015 година

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор**
**Претседател на Управен одбор**

**м-р Ана Виткова**